Уп. Бр.08-80/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за производство, трговија и услуги ТХОР ИНДУСТРИЕС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Филип Втори Македонски 3/11 кат, Скопје, Северна Македонија и ПЕ-ВЛА-КУ ШПК (*PE-VLA-KU SHPK*), со седиште на адреса Њесиа Башкиаке бр. 9, Ррука Музакет, Палатет Вокши, Хирја 1, Кати. 7, Тирана, Албанија, преку адвокат Иван Дебарлиев од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Келешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 14.07.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која **Друштво за производство, трговија и услуги ТХОР ИНДУСТРИЕС ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Филип Втори Македонски 3/11 кат, Скопје, Северна Македонија и **ПЕ-ВЛА-КУ ШПК** (*PE-VLA-KU SHPK*), со седиште на адреса Њесиа Башкиаке бр. 9, Ррука Музакет, Палатет Вокши, Хирја 1, Кати. 7, Тирана, Албанија ќе стекнат заедничка контрола над **Друштвото за градежништво и услуги СОРАВИА ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр. 3 Соравиа/Центар Скопје, Северна Македонија и над **Друштвото за градежништво и услуги СОРАВИА МЕНАЏМЕНТ ДООЕЛ Скопје** со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр.3, Скопје, Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 09.06.2023 година, , до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е

доставено известување за концентрација од Друштво за производство, трговија и услуги ТХОР ИНДУСТРИЕС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Филип Втори Македонски 3/11 кат, Скопје, Северна Македонија и ПЕ-ВЛА-КУ ШПК (*PE-VLA-KU SHPK*), со седиште на адреса Нјесиа Башкиаке бр. 9, Ррука Музакет, Палатет Вокши, Хирја 1, Кати. 7, Тирана, Албанија со која ТХОР ИНДУСТРИЕС ДООЕЛ Скопје и ПЕ-ВЛА-КУ ШПК ќе стекнат заедничка контрола над Друштвото за градежништво и услуги СОРАВИА ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр. 3 Соравиа/Центар Скопје, Северна Македонија и над Друштвото за градежништво и услуги СОРАВИА МЕНАЏМЕНТ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр.3, Скопје, Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ТХОР ИНДУСТРИЕС** е друштво основано во 2020 година, со дејност: развој на градежни проекти.
ТХОР ИНДУСТРИЕС има подружница во Северна Македонија – ТХОР ИТ СИСТЕМС Скопје со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр. 3/11кат, Скопје - Центар, која врши компјутерско консултантски дејности.
Директен содружник на ТХОР ИНДУСТРИЕС е г-дин Дрин Ахмеди кој поседува 100% од основната главнина во друштвото. Г-дин Ахмеди поседува удел и во други друштва основани во Северна Македонија и тоа
- Друштво за производство трговија градежништво и услуги ЕВЕРЕСТ ЦД ДООЕЛ експорт-импорт Кичево, Тане Цалески бр. 30-1/2, Кичево, со дејност изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на друго место и
- Друштво за производство, трговија и услуги ПОТАМ-ПЛАНТ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, Тане Цалески бр. 30-1/2, Кичево, со дејност производство на електрична енергија ( друштвото сѐ уште не е активно)

**ПЕ-ВЛА-КУ** е една од најголемите градежни компании во Албанија и Косово, основана во 2005 година. Во своето постоење, а особено во последните години, ПЕ-ВЛА-КУ има планирано и успешно реализирано десетици градежни проекти. ПЕ-ВЛА-КУ има направено успешни чекори во слободната пазарна економија и со своите проекти беше дел од развојот на двете земји. Со искуство од над 14 години, нивната работа, работење и делување се проширува и тие се присутни во многу зони на Албанија и Косово.

Во Северна Македонија, ПЕ-ВЛА-КУ има присуство преку својата подружница ПЕ-ВЛА-КУ Тирана, Албанија – Подружница во Република Северна Македонија Скопје, со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр. 3-11/, Скопје, Северна Македонија, со регистрирана дејност: развој на градежни проекти.

**СОРАВИА ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје** е друштво со ограничена одговорност основано во 2006 година, со регистрирана дејност: издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг). СОРАВИА ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје е сопственик на Бизнис Центарот Соравиа кој се наоѓа во Скопје на ул. Филип Трети Македонски бр.3, Скопје – Центар.

**СОРАВИА МЕНАЏМЕНТ ДООЕЛ Скопје** е друштво со ограничена одговорност основано во 2006 година, со регистрирана дејност: управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор и дејствува како давател на услуги за управување на Бизнис Центарот Соравиа.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**